Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 288 и стр. 516- 524 во ТОМ -1 и Р. бр. 18, стр. 170-171 и стр. 251 ). http://spiroski.com.mk/

Инаку, Петруш бил брат на Ана, жената на Ѓорче поп Essays. По продажбата на имотот Ѓорче со семејството се сели во Ѓорче Петров. Инаку, потомците на Ѓорче се презиваат со повеќе презимиња, а едно е презимето Ончевски и така се формира нова **фамилија Ѓорчеej односно Ончеej** од родот Лалошои. Но, иако некои лица од новодоселениот род Ќапељаноој од Брезно имаат презиме Ончевски, не се генетски поврзани по машка линија со родот Лалошооj од Лешок. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 516 -524 во ТОМ-1 и Р. бр. 12, стр.92 и 93 ). http://spiroski.com.mk/

Од Ќапељаноој јас ги знам и се сеќавам на Трипун, Анѓелко и Аце и нивните синови: Нељко, и Љубе, Трпо и Борис, Никола (Кољо) и Добре, а секако и нивните ќерки.

Трипун имаше два сина Нељко и Љубе Русевски. Нељко има син Мирко и ќерки Мирјана и Родна, а Љубе има син Душан и ќерка Бранка.

Анѓелко има два сина Трпо и Борис и две ќерки Душанка и Цона. Борис отиде во странство, а Трпо остана во Лешок и Тетово и работеше во ТК Тетекс. Трпо Ончевски со сопругата Вера од Тетово имаат два сина Горан и Мирче. Горан работи во УЈП и ја обнови куќата во Лешок и доста е присатен во Лешок. Борис Петрушевски -Ќапе има син ?? и остана да живее во Германија.

Аце ги имаше синовите Никола (Кољо) и Добре и ќерката Грозда. Никола има два сина Дејан и Сашо, а Добре ги има синовите Зоран и Дракче, а за Грозда немам податоци.

Трпо и синот Горан се презиваат Ончевски, а брат му Борис се презива Петрушевски, а гиословувавме со прекарот Ќапе. ( Р. бр. 3, стр. 85-91, Р. бр.12 и 14, стр. 130-136 и Р. бр. 25 стр. 73-77). Интересно е што родот Ќапељаноој, кој е доселен од Брезно го зема презимето Ончевски, кој го има фамилијата односно наследниците на Ѓорче, поп Essays во родот Лалошои и дека и домашната слава им е **Пречиста**, како и на родот Лалошои.

**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 32-33,44,129,171,211,223,251, ), **Брезно, воденца, Лалошооj, Ончеej, род, слава, Ќапељаноој,**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Трпо | Кољо | Горан | Мира | Мирко | |

# 52. Ќапункооj

**Ќапункооj** е **нов** род во Лешок, кои се доселени од с. Жировница, Долна река блиску до Дебар. Куќите им се лоцирани на две локации и тоа: под Бања во Бакар маало и кај црквата Св. Врача до Тумба во Тенеќе маало, која денес е разурната. Домашна слава е **Св. Никола**. ( Р. бр. 1, стр. 148-157, Р.бр. 17, стр. 93 и Р. бр. 8, стр.74-76 ). http://spiroski.com.mk/

Од родот Ќапункооj, како најстара јас ја знам баба Петрушица (баба Риска) со нејзините два сина: Никола и Љубе Блажевски и трите ќерки: Бора, Миља и Доца, кои живееја во Лешок. Баба Риска со мажот Петруш имале и други два сина Анѓелко и Глигур, но, кои се преселени во Бугарија и таму формирале семејства. Анѓелко е отселен во Пловдив, а Глигур е во Плевен, за кои повеќе има запишано во книгата Лешок, од Илија Петрушевски. Види. (Р. бр. 8, стр.74-75 и стр.292-293 ).

Никола Петрушевски со сопругата Бора од родот Праникооj од Лешок имаат син Илија и ќерка Ротка. Илија Петрушевски е оженет со Наташа од Теарце и имаат три ќерки: Мирјана, Николина и Биљана. Мирјана со мажот Дарко Митевски имаат два сина, Максим и Матеј, Николина со мажот Филип имаат ќерка Мила и син Никола и Биљана со Дејан имаат два сина Матеј и Александар. Ротка е мажена со Младен од Теарце и имаат два сина Владо и Драган, кој има ќерка Теона.
Љубе Блажевски со сопругата Славка Апостоловска од родот Котлинци од Јанчиште имаат син Тодор и две ќерки Стеванка и Вера. Тодор се пресели во Детроит, се ожени со сопругата Вера од Прилеп и има две ќерки: Македонка и Елена. Македонка Блажевска се мажи со Мајкл и имаат две ќерки: Ева и Олива и син Еван, а Елена е мажена со Стивен Петровски од Детроит, кој има потекло од Јегуновце и имаат син Максим. Инаку, со Тодор Блажевски сме втори братучеди по родот Котлинци од Јанчиште ( Р. бр. 1 и 22, стр. 825-847 – ТОМ-2). http://spiroski.com.mk/
Стеванка е мажена со Микље Апостоловски и имаат две ќерки, Светлана и Анета. Ставанка со семејството изградија куќа во Лешок и тука живееја, а Вера се омажи со Славко Ацевски од Теарце и имаат син Зоран и ќерка Љубица и живеат во Ѓорче Петров.
Од трите ќерки на баба Риска, Миља е мажена за Петре Ристовски од Љешкооj и има два сина Трпо и Петко и ќерка Донка. Доца е мажена за Лазо Коцевски од фам. Исакооj од родот Лалошооj и имаат два сина Борис и Мирко. Бора е мажена за Ане Брешковски од Теарце и имаат ќерка Роска и два сина Никола и Сашо. Со Роска и Сашо заедно работевме во СОК на РМ. ( Р. бр. 19, стр.158-168).
Од Ќепункоj се и ги познавам Блаже -Меро, кој има два сина: Бранко и Ицо и две ќерки: Верка и Јелица. Бранко има еден син Љубе и две ќерки: Ана и Божана. Љубе Анѓелковски со сопругата Снежана имаат четири деца: Александра, Елизабета, Рената и син Бранислав (Бранко), кој со Ана имаат два сина Огнен и Матеј. Ицо Блажев - Меро има син Перо и две ќерки Благица и Сунца.
Од родот Ќапункоj го познавам и аџо Стојан Мишко, кој беше одличен ѕидар на камен во Лешок. Стојан имаше по седум прсети на двете дланки на рацете. Стојан имаше три ќерки Роса, Ружа и Симјанка и еден син Делко. Делко Стевовски со сопругата Јагода од Фалише имаат два сина Стојанче и Анѓелко. Анѓелко со сопругата Верче имаат син Лука и ќерка Меланија, а Стојанче со сопругата Даниела имаат син Давид и ќерка Јана. Познати фурнаџии од Лешок се браќата Љубе и Никола Ќапунка, кои имаа фурна во Белград, а занатот го продолжија нивни наследници.
Од овој род Генерација 1949/50 год. и школски другари сме со Тодор Блажевски, кој е отселен во Детроит, САД и има големи заслуги за изградба на тамошната црква Св. Богородица, а Генерација сме со Делко Стевовски, милиционер, кој живее во Лешок, Види, ( Р. бр. 12 и 14 ( стр.125 и 131).
Од овој род е Илија Н. Петрушевски -Ќапунка. Илија по мајка му Бора, односно по дедо му Тоде, влече корени и од родот Лалошои, односно од фамилијата Дамјанооj од Лешок. Илија целиот работен век работи како картограф во библиотеката НУБ Св. Климент Охридски, Скопје. Инаку, Илија ја напиша првата книга за Лешок, под наслов ЛЕШЕК, 1979 и книгата ЛЕШОК, 2004 год. Илија е многу плоден автор и има напишани самиот или во соработка со други автори десетина книги.
Неколку пати му предлагав на Илија да напише книга за род Ќапункооj, при што, се надевам дека ќе ги послуша моите сугестии и ќе издаде книга за нивниот род Ќапункооj.
Илија е голем вљубеник во Лешок и Македонија и има големи заслуги за афирмацијата на Лешок во пишаните и електронски медиуми, а особено има голема заслуга што со фотоапаратот има насликано многу интересни моменти од тогашниот живот, а има и колекција од стари фотографии. Види: книга, Лешок во фотографии, (Р. бр. 5 и 78 ( стр. 142 - 147 и 180 -185). За Илија и Лешок може многу да се пишува, но, овој Речник, тоа не го овозможува. Види: ( Р. бр. 5, 8, 11, 12, 21, 22, 23, 64, 66, 68, 78 и 81). http://spiroski.com.mk/

**В. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 50, 211,223,262,251, 252)**, Генерациа, род, слава, фурнаџие,ќапунка, Ќапункооj**



| Риска + | Никола + | Љубе + | Стојан + | Илија | Ротка + | Тодор | Стеванка + | Делко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

xxx



| Љубе | Биљана | Николина | Македонка | Стојанче | Елена | Бранислав | Анѓелко |
|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 53. Циљоој

**Циљоој** е **нов** род од Лешок, на кој домашна слава е **Митровден**. Родот се јавува под име Циљоој.
Овој род има врска по **женска** линија со родот Лалошоој од Лешок. Имено, Марта ( 07), е ќерка на поп Китан, а сестра е на поп Симон и Дамјан од четвортото колено од родот Лалошои (Лалошоој).
Марта( 07), ќерката на поп Китан се мажи за Филип од Копањце. Зетот Филип доаѓа за домазет во Лешок и со Марта формираат нова фамилија, која подоцна прераснува во **нов** род **Циљоој**.
Филип и Марта, имаат син Димитрие(16), кој ги има синот **Златан** (31) и ќерката **Тода** (30), од кои се шири потомството. **Златан** Димитриевски **и неговите потомци** ги ословувавме со **Циљо** односно **родот** го нарекуваме **Циљоој.**
Дедо **Златан** и баба **Златаница** јас лично ги знам, а ги знам неговите три деца: Момчило (94)**,** Трпо(95) и Благуња(96). Ја знам и баба Тода, сестра на дедо Златан, кога доаѓаше во Лешок.
**Момчило** не формираше семејство.
**Трпо** Димитриевски, роден 1934 год во Лешок, има три деца: Борка, Снешка, од првиот брак и Ѓорѓи од вториот брак со Кита, која го донесла со себе како дете.
Денес, 28 септември 2025 година, аџо Трпо живее со синот Ѓорѓи, во новата куќа, има 91 год.
**Ѓорѓи**(287) Димитриевски има син Горан и ќерка Кристина, која е манекенка. Борка има две деца: Елена и Мирко, а Снешка има две ќерки: Јованка и Катерина. Гоко во 2024 година го продаде местото до неговата куќа и сопственицитe изградија неколку куќи.
Потомците на **Тода**(30) и **Благуња**(96), не ги знаев, бидејќи беа омажени, а некои од нив во возрасни години ги запознав и затоа за нив не пишувам во оваа книга.
Само ќе ги споменам **Благоја Мирчески**(275) и **Томче**(277), синови на Дамјан(88), кои се внуци на Тода(30), која е мажена во Тетово, а кои ги запознав пред неколку години.
Благоја Мирчески со сопругата Олга имаат ќерка Теодора Мирческа(679), ликовен уметник и син Дамјан Стирнер(680).
Пред некоја година на ФБ порталот се спријателивме со Горан Меглиќ, од Белград, кој е син на Славјанка(89), ќерка на Тода(30) од родот Циљоој од Лешок, а која е мажена за Мило од Старо село, кои имаат 6 деца: Дамјан, Славјанка, Мино, Перса, Крсто и Слоботка.
За родот Циљоој имам текст во Моите книги ( Р. бр. 1 и 22, стр. 553-554, во ТОМ-1 и во Прилог, Таб. бр. 1 и 30, стр. 951 и стр. 1150-1154 во ТОМ -2 ). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр. 64, 128-129, 151-152, 211, 223, 266, ), **Димитрие, Лалошоој, Митровдн, род, слава, Циљоој,**